# ОПШТИ УСЛОВИ

За начин на пристап и користење на VPN Услугата на Т-Мобиле Македонија АД Скопје

Воведни одредби

Со овој документ се регулираат Општите Услови за пристап и користење на јавните комуникациски услуги во рамките на VPN Услугата (во понатамошниот текст: Општи Услови за VPN) на Т-Мобиле Македонија, Акционерското друштво за мобилни комуникации - Скопје (во понатамошниот текст: Т-МОБИЛЕ МК) како оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги, и Бизнис претплатниците како корисници на VPN Услугата на Т-МОБИЛЕ МК, (во понатамошниот текст: Бизнис претплатник/ци).

Член 1
VPN Услуга

1.1. Под терминот VPN Услуга се подразбира услуга со која Т-МОБИЛЕ МК му овозможува на одреден Бизнис претплатник да креира мобилна виртуелна приватна мрежа од претплатничките линии коишто ги има земено врз основа на склучен Анекс за користење на VPN тарифен модел и VPN Услуга на претходно склучен Договор за користење на Бизнис тарифни модели.

Член 2
Начин на активирање/измени на VPN Услугата и VPN тарифниот модел

2.1 Операторот ќе му овозможи на Бизнис претплатникот користење на VPN Услугата и VPN тарифниот модел со склучување на Анекс на постојниот Договор за користење на Бизнис тарифни модели во кој ќе бидат дефинирани правата и обврските за користење на VPN Услугата од конкретниот Бизнис претплатник.

2.2 Анексот на Договорот за користење на Бизнис тарифни модели се склучува за времето на коешто е склучен Договорот за користење на Бизнис тарифни модели.

2.3 Со склучување на формулар - Прилог кон Стандардниот претплатнички договор Бизнис претплатникот може да врши активирање на нови/дополнителни претплатнички линии во избран VPN тарифен модел или да го промени тарифниот модел на постојните претплатнички линии во VPN тарифен модел.

2.4 Бизнис претплатникот може да ги избере и/или менува карактеристиките на VPN Услугата со потпишување на дополниелни прилози (Прилог кон Анексот за користење на VPN тарифен модел и за VPN услуга)/барања (Барање за активирање/измени на VPN Услугата) дефинирани од Операторот.

2.5 Сите прилози и барања ќе се сметаат за уредно поднесени ако се потпишани од страна на овластеното лице на Бизнис претплатникот со печат од правното лице.

2.6 Договорните страни се согласни дека ќе се применуваат одредбите на Општите услови за начин на пристап и користење на јавните комуникациски услуги на Операторот објавени на неговата веб страна чии соодветни одредби се применуваат на сите прашања коишто не се дефинирани со овие Општи Услови за користење на VPN Услугата или Анексот за користење на VPN тарифниот модел и VPN Услугата.

2.7 По склучениот Анекс прилозите односно барањата наведени во став 2.4 мора да бидат примени до 25-тиот ден од месецот со цел да може услугата да се активира за следниот месец. Бизнис

претплатникот има право да бара измена на условите и услугите од VPN тарифниот модел и VPN Услугата најмногу еднаш во текот на еден календарски месец.

Член 3

Услуги во рамките на VPN Услуга

3.1 Со потпишување на Анекс за користење на VPN Услугата и прилозите и барањата за користење на VPN тарифен модел и за активација/измени на VPN Услугата, Т-МОБИЛЕ МК му овозможува на Бизнис претплатникот користење на следниве можности и услуги:

а) Специјални, бенефицирани, цени за разговори во рамките на компанијата;

б) Користење на кратки повикувачки броеви за побрзо и поедноставно бирање на телефонските броеви во рамките на компанијата на Бизнис претплатникот (забелешка: првата цифра на кратките повикувачки броеви можно е да биде 2 (два), 3 (три), 4 (четири), 5 (пет) или 6 (шест));

в) Дефинирање на Проширена компаниска мрежа со дестинации од интерес (броеви на свои соработници) кон кои сите телефонски броеви на Бизнис претплатникот за кои е побарно користење на сервисот Проширена компаниска мрежа во рамките на VPN Услугата, ќе добијат специјални, бенефицирани, цени за разговор како и можност за користење на кратки повикувачки броеви за побрзо и поедноставно бирање на телефонските броеви во Проширената компаниска мрежа на Бизнис претплатникот (забелешка: првата цифра на кратките повикувачки броеви за телефонските броеви во Проширената компаниска мрежа можно е да биде 7 (седум)). Промена на броевите во Проширената компаниска мрежа може да се направи еднаш месечно. Промена кон Проширена компаниска мрежа со поголема месечна претплата е можна неколку пати во месецот, зависно од достапните претплатнички опции, додека промена кон Проширена компаниска мрежа со пониска месечна претплата е возможна еднаш месечно.

г) Дефинирање на Партнерска мрежа (сите броеви на други компании кои исто така ја користат VPN Услугата) кон сите телефонски броеви на Бизнис претплатникот за кои е побарно користење на сервисот Партнерска мрежа во рамките на VPN Услугата ќе добијат специјални, бенефицирани, цени за разговор. Промена на Партнерските компании во Партнерската мрежа може да се направи еднаш месечно. Промена кон Партнерска мрежа со поголема месечна претплата е можна неколку пати во месецот, зависно од достапните претплатнички опции, додека промена кон Партнерска мрежа со пониска месечна претплата е возможна еднаш месечно.

д) Користење на опцијата Поделба на сметка со која за секој телефонски број на Бизнис претплатникот може да се дефинира преку дефинирање на следните критериуми кои појдовни повици ќе се прикажуваат на сметката на Бизнис претплатникот, а кои на сметката на крајниот претплатник на телефонскиот број. Критериумите за Поделба на сметка се дадени подолу:

<u>Критериум 1. Со дефинирање на кориснички профил:</u>

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата користење на еден од следните три кориснички профили:

- Профил 1: Дозволени појдовни повици – во рамките на компаниската мрежа, во проширената компаниска мрежа и кон партнерската мрежа; Ограничени појдовни повици – повици кон

мрежата на Т-МОБИЛЕ МК, повици кон сите фиксни мрежи, повици кон сите останати мобилни мрежи, повици кон интернационални дестинации;

- Профил 2: Дозволени појдовни повици – во рамките на компаниската мрежа, во проширената компаниска мрежа и кон партнерската мрежа, кон броеви во мрежата на Т-МОБИЛЕ МК, кон броеви во мрежата на Македонски Телеком; кон броеви во мрежата на другите мобилни и фиксни национални оператори; Ограничени појдовни повици –повици кон интернационални дестинации;

- Профил 3: Дозволени појдовни повици – во рамките на компаниската мрежа, во проширената компаниска мрежа и кон партнерската мрежа, кон броеви во мрежата на Т-МОБИЛЕ МК, кон броеви во мрежата на Македонски Телеком; кон броеви во мрежата на другите мобилни и фиксни национални оператори; повици кон интернационални дестинации; Ограничени појдовни повици – нема;

Критериум 2. Со дефинирање на временскиот интервал и ден во неделата од страна на Бизнис претплатникот:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата користење на еден од следните три временски интервали, во кои ќе биде можно да биде дефиниран еден тип на кориснички профил, а надор од кои ќе биде можно да се дефинира друг кориснички профил (дефинирани во точка д), Критериум 1, од овој член):

- Временски интервал 1: Дозволени појдовни повици дефинирани според избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член, во временски интервал од 00 до 24 часот за сите денови од неделата; Ограничени појдовни повици – нема;

- Временски интервал 2: Дозволени појдовни повици дефинирани според избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член, во временски интервал од 07 до 18 часот за работните денови од неделата (понеделник-петок); Ограничени појдовни повици – повици дефинирани според избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член, во временскиот интервал од 18 до 07 часот за работните денови од неделата и преку целиот ден за викендот;

- Временски интервал 3: Дозволени појдовни повици дефинирани според избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член, во временски интервал од 18 до 07 часот за работните денови од неделата; Ограничени појдовни повици – повици дефинирани според избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член, во временскиот интервал од 07 до 18 часот за работните денови од неделата и преку целиот ден за викендот.

Критериум 3. Со дефинирање на Црна листа/ Бела листа:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата користење на следниве дополнителни листи на броеви:

- Црна листа на броеви: Броеви кон кои ќе бидат ограничени повиците и во случај кога тие се дозволени со избраниот кориснички профил од точка д), Критериум1, од овој член;

- Бела листа на броеви: Броеви кон кои ќе бидат дозволени повиците и во случај кога тие се ограничени со избраниот кориснички профил од точка д), Критериум1, од овој член;

Критериум 4. Со дефинирање на месечен лимит:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата дефинирање на паричен месечен лимит до чија вредност достапните повици со избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член, ќе бидат прикажани на сметката на Бизнис претплатникот, а над чија вредност сите повици (и дозволените повици и ограничените повици според избраниот кориснички профил од точка д), Критериум 1, од овој член) ќе бидат прикажани на сметката на претплатникот на телефонскиот број.

Критериум 5: Со дефинирање на контрола на трошоци кај мобилен интернет/ММС:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата дефинирање на контрола на трошоци кај мобилен интернет/ММС, при што целиот сообраќај (кој го надминува сообраќајот вклучен во месечната претплата) направен преку мобилен интернет/ММС ќе може да биде прикажан на сметката на Бизнис претплатникот или на сметката на крајниот претплатник на телефонскиот број.

Критериум 6: Со дефинирање на контрола на трошоци според употреба на премиум сервиси:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата дефинирање на контрола на трошоци според употреба на премиум сервиси, при што целиот сообраќај (кој го надминува сообраќајот вклучен во месечната претплата) направен за употреба на премиум сервиси ќе може да биде прикажан на сметката на Бизнис претплатникот или на сметката на крајниот претплатник на телефонскиот број.

ѓ) Можност за нагодување на дел од можностите и услугите на VPN Услугата преку Веб-базирана апликација до која пристап за администрирање ќе имаат само предодредени компаниски лица, дефинирани во Прилог кон Анексот за користење на VPN тарифен модел и за VPN услуга.

е) Користење на Виртуелен контакт центар:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN Услугата креирање на Виртуелен контакт центар со дефинирање на листа од телефонски броеви на Бизнис претплатникот, каде сите дојдовни повици на еден посебен контакт број на Бизнис претплатникот, ќе бидат префрлени на еден по еден од телефонските броеви од листата на Виртуелниот контакт центар, се' додека дојдовниот повик не биде одговорен. Посебниот контакт број на Бизнис претплатникот нема да биде користен за друга намена освен за Виртуелниот контакт центар.

ж) Користење на Личен асистент:

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претплатниците на VPN услугата, услуга во која е потребно да се дефинираат два телефонски броеви на Бизнис претплатникот, на менаџерот и на персоналниот асистент и преку која за телефонскиот број на менаџерот ќе може да се дефинира листа на специјални телефонски броеви од важност кои ќе можат да остварат директен повик до тој телефонски број, и останати телефонски броеви чии повици до менаџерскиот телефонски број ќе бидат префрлени до телефонскиот број на персоналниот асистент, при што персоналниот асистент (доколку постои техничка можност на неговиот телефонски апарат) ќе има можност да го префрли назад повикот до телефонскиот број на менаџерот;

з) Користење на Автоматско пренасочување на повик

Т-МОБИЛЕ МК ќе им овозможи на Бизнис претпланиците на VPN услугата, услуга во која е потребно да дефинираат телефонски броеви на кои со сервисот Автоматското пренасочување на повик, дојдовниот повик ќе биде пренасочен во случај на неодговарање на повикот. Оваа услуга дозволува дефинирање на телефонски броеви за кои Бизнис претплатниците немаат рестрикции во однос на корисничкиот профил според точка д) од овој член.

Сите услуги кои не влегуваат во рамки на VPN тарифниот модел и VPN Услугата, а кои се обезбедуваат од страна на Т-МОБИЛЕ МК ќе бидат тарифирани на Компаниската сметка освен ако

не е експлицитно побарано според горе наведените критериуми од Бизнис претплатникот да бидат тарифирани на Индивидуалната сметка.

Сите услуги во рамките на VPN тарифниот модел и VPN Услугата ќе бидат валидни само во домашна мрежа на Операторот односно не важат во роаминг при што сите комуникациски услуги кои ќе бидат користени во роаминг ќе бидат тарифирани на Компаниската сметка.

Член 4

Поделба на сметка

4.1. Условите и можностите за користењето на опцијата "Поделба на сметка" се дадени подолу:

а) Со потпишување на Анекс за користење на VPN Услугата, Бизнис претплатникот ја дава својата согласност крајниот претплатник на телефонскиот број на одреден негов телефонски број да ја користи услугата Поделба на сметка.

б) Т-МОБИЛЕ МК ќе му овозможи користење на услугата Поделба на сметка во рамките на VPN Услугата на Бизнис претплатникот по поднесено Барање за активирање/измени на VPN Услугата за оној телефонски број кој ќе биде наведен во ваквото барање.

в) Со одобрување на Барањето за активирање/измени на VPN Услугата, Т-МОБИЛЕ МК му овозможува на Бизнис претплатникот користење на услугата Поделба на сметка во рамките на VPN Услугата како и користење на следниве можности и услуги:

- реализирање на повици кон телефонски броеви коишто се ограничени за телефонскиот број дефиниран во Барањето за активирање/измени на VPN услугата, согласно избраните критериуми за Поделба на сметка дефинирани во член 2.1 точка д) (повици за кои ќе има посебен тонски сигнал);

- користење на можности и услуги коишто се ограничени за користење, а како што е наведено во Барањето во делот во којшто се наведуваат податоци за услуги коишто се прикажуваатна Индивидуалната сметка, под услови и на начин утврдени со овие Општи услови за VPN.

- користењето на сите можности и услуги коишто не се опфатени во корисничкиот профил, временскиот интервал, црната листа/белата листа или месечниот лимит дефинирани во Член 2.1, точка д) од овие Општи услови за VPN, ќе се прикажуваат како услуги на Индивидуалната сметка на крајниот претплатник на телефонскиот број на телефонскиот број (во понатамошниот текст: Индивидуална сметка), додека користењето на сите други услуги, ќе се прикажуваат на сметката на Бизнис претплатникот (во понатамошниот текст: Компаниска сметка). Сите месечни надомести, како и еднократните надоместоци дефинирани во Ценовникот на Т-МОБИЛЕ МК во делот дополнителни и останати услуги, објавен на неговата веб страна, секогаш се наплаќаат на Компаниската сметка.

г) Со активирањето на услугата Поделба на сметка Бизнис претплатникот, може да одлучи на која од двете сметки, Компаниската или Индивидуалната, ќе се прикажува сообраќајот за користење на премиум сервисите кои се достапни од страна на Т-МОБИЛЕ МК како и за GPRS/MMC сообраќајот. Во случај кога сообраќајот за премиум сервисите и за GPRS/MMC се прикажува на Индивидуалната сметка крајниот претплатник на телефонскиот број треба да биде известен за тоа од Бизнис претплатникот.

Крајниот претплатник на телефонскиот број нема право без согласност од Бизнис претплатникот, да го менува делокругот на услугата Поделба на сметка по ниту еден основ.

Член 5

VPN месечен лимит

5.1. Во износот на месечниот лимит којшто е избран во Барањето, вклучени се вкупните месечни претплати освен во случај кога месечната претплата е заедничка за повеќе телефонски броеви на Бизнис претплатникот (не вклучувајќи ги сите еднократни надоместоци дефинирани во Ценовникот на Т-МОБИЛЕ МК за дополнителните и останатите услуги коишто ќе се наплаќаат на Компаниската сметка).

5.2. При користењето на услугата VPN месечен лимит на Бизнис претплатникот ќе му биде тарифирано за сообраќајот кој го направил крајниот претплатник на телефонскиот број се до достигнување на определениот месечен лимит. Надоместокот за целиот останат сообраќај кој крајниот претплатник на телефонскиот број ќе го направи по надминување на дефинираниот месечен лимит до завршувањето на календарскиот месец, ќе бидат прикажани и тарифирани на неговата Индивидуална сметка или пак ќе бидат прикажани со индикатор "И" во заедничката сметка.

5.3. Промените на услугата VPN месечен лимит кои се направени во тековниот календарски месец, ќе бидат апликабилни на почетокот на следниот календарски месец.

Член 6

Наплата на услугите

6.1. Т-МОБИЛЕ МК ќе му ги доставува сметките за обезбедените услуги на крајниот претплатник на телефонскиот број на адресата за доставување на Индивидуалната сметка наведена во Барањето за активирање/измени на VPN Услугата. Крајниот корисник на Индивидуалната сметка за VPN треба да ги плаќа сметките директно на Т-МОБИЛЕ МК во рамките на рокот наведен на сметката. Во спротивно, доколку крајниот корисник на телефонскиот број не ја плати сметката во рокот наведен во истата, Бизнис претплатникот ќе биде одговорен да ги подмири сите долгови по основ на Индивидуалната и Компаниската сметка.

6.2. Бизнис претплатникот е обврзан, на писмено барање од Т-МОБИЛЕ МК (пратено по пошта или по е-маил), да обезбеди подмирување на побарувањата на Т-МОБИЛЕ МК врз основа на сметките доставени до крајниот претплатник на телефонскиот број на Индивидуалната сметка за обезбедените услуги. На барање на Бизнис претплатникот, Т-МОБИЛЕ МК ќе му достави копија од доспеаната, а неплатена Индивидуална сметка, за цели на доказ и евиденцијата за траењето, цената, датумот и времето за користење на услугите прикажани и фактурирани на Индивидуалната сметка. Во согласност со Општите услови за VPN, Т-МОБИЛЕ МК може за телефонскиот број за кој не е платена било која од сметките во рамките на услугата Поделба на сметка, да го ограничи користењето на услугите на Т-МОБИЛЕ МК во целост, од денот на истекот на рокот наведен во барањето за подмирување на долг испратено до Бизнис претплатникот, се до подмирувањето на вкупниот долг за наведениот телефонски број.

6.3. Бизнис претплатникот се обврзува без одложување, најдоцна во рок од 3 дена да го извести Т-МОБИЛЕ МК за сите промени коишто се однесуваат на статусот и податоците за крајниот претплатник на телефонскиот број на Индивидуалната сметка, а коишто се важни за извршување на обврските кои произлегуваат од Анексот за VPN Услугата, особено коишто можат да влијаат на наплатата на побарувањата на Т-МОБИЛЕ МК за обезбедените услуги.

6.4. Бизнис претплатникот во секое време може да побара исклучување на услугата Поделба на сметка за одреден телефонски број, при што Бизнис претплатникот е свесен дека сите индивидуални разговори на крајниот корисник ќе бидат засметани во Компаниската сметка при што истите ќе бидат посебно означени со индикатор “И“.

6.5. Бизнис претплатникот е должен да ги информира крајните претплатници на телефонските броеви за условите за користење на VPN Услугата.

Член 7

Престанок на обезбедување на VPN Услугата

7.1. Правото на користење на дополнителните услуги во рамките на VPN Услугата автоматски престанува на денот на стапување во сила на раскинувањето на Анексот за користење на VPN тарифен модел и VPN Услуга на претходно склучен Договор за користење на Бизнис тарифни модели и/или на денот на престанување на обезбедување на VPN услугите од страна на Т-МОБИЛЕ МК на Бизнис претплатникот.

7.2. Бизнис претплатникот е должен да му ги плати на Т-МОБИЛЕ МК сите побарувања настанати врз основа на користењето на VPN Услугата до моментот на престанување на важењето на Анексот за користење на VPN тарифен модел и VPN Услуга на претходно склучен Договор за користење на Бизнис тарифни модели.